Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**за достапност на документ**
**План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР) – Контролна листа и јавна расправа**

**за под-проектот:**

**Реконструкција на ЈЗУ Универзитетска Клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје со мерки за енергетска ефикасност**

Во рамки на "Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ" кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, во компонентата за згради на централните власти предложена е реконструкција на ***ЈЗУ Универзитетска Клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје*** со мерки за енергетска ефикасност.

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беше подготвен документ "Контролна листа со мерки за управување со животна средина и социјални работи" во кој се наведени детални мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектот. Овој документ е поставен за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во објектите на јавните здравствени установи - finance.gov.mk) и на:

Министерство за здравство: Министерство за Здравство – Министерство за Здравство (zdravstvo.gov.mk) од 25.07.2023 година.

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 30 дена од поставување на документот на веб страна, преку пополнување на формуларот кој е достапен на следниот линк:

Формулар-за-поднесување-коментари-за-ПУЖССР-за-објекти-на-здравствени-установи-1.docx (live.com)

Јавната расправа за контролните листи од документите Планови за управување со животната средина и социјалните работи (ПУЖССР), ќе се одржи на **28.07.2023 (петок) со почеток во 11.00 часот во Министерството за финансии во Скопје (сала на 1ви кат),** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на Главниот координатор на Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор: Тања Томиќ, Главен координатор на проектот и специјалист за социјални работи - 10 минути
2. Краток осврт на активностите за реконструкција на ***ЈЗУ Универзитетска Клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје –*** Јасминка Тасевска Јанковиќ, Градежен инженер консултант при ПЕЕЈС – 10 минути
3. Краток осврт на документите "План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектите": Тања Томиќ, Главен координатор на проектот и специјалист за социјални работи – 20 минути
4. Дискусија

Датум на објава: 25.07.2023

**Министерството за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**